# Партија на пензионери

Изборна програма
за Локални избори 2025

Скопје, 2025



**Почитувани пензионери и граѓани**,
Партијата на пензионери, како и секогаш досега, ќе биде слободна и визионерска за сите предизвици, проблеми и соодветни решенија кои се однесуваат за сите на секое локално рамниште.
Во фокусот на нашата Изборна програма за локалните избори, се пензионерите но и сите категории на маргинализирани граѓани, со нивните секојдневни проблеми кои реално ги чуствуваат во својата улица, во соето маало, месна заедница и секако во својата општина. За сите нас, чесно, одлучно и доследно ќе дејствуваме во секоја општина за да едноставно обезбедиме услови за поедноставен и подобар живот на локално рамниште.

Партијата на пензионери не е оптоварена со идеолошки предрасуди и пречки и затоа цврсто е определена за демократски принципи во своето делување, посебно на локално рамниште и ќе се залага за обезбедување на услови за подбро живеење на сите пензионери на територијата на сите општини во Републиката, без обѕир на структурите на локалните власти во иднина. Нашето определување не прави релевантни и способни за рамноправна и успешна соработка со сите партии со различни политички идеологии за добробит на сите граѓани на локално рамниште. Затоа заедно со сите Вас, ќе работиме за поттикнување на активноста и подигање на свесноста за реалното политичко значење и моќ во општеството на локално рамниште, на големата пензионерска популација.
Заедно ќе бараме решенија за сите прашања и проблеми, кои го отежнуваат секојдневниот живот на обичните луѓе, а кои треба и мора да бидат испорачани од страна на општините.

Претседател на Партијата на пензионери
Илија Николовски

# 1. СОЦИЈАЛНИ ПОЛИТИКИ НА ЛОКАЛНО РАМНИШТЕ

Основната заложба на Партијата на пензионерите, е големата пензионерска популација во земјата, и во согласност со тоа креирањето и целосното спроведување на социјалните политики во општините за пензионерската популација, е еден од нашите главни приоритети.
Со самиот факт дека нашата земја е декларирана како социјално општество, регулирањето на овој сегмент на локално рамниште претставува комплексен, но високо морален и етички одржлив предизвик.
За реално конципирање на социјалните политики во државата, доследно ќе се залагаме за неминовно дефинирање на социјалниот статус на сите граѓани во државата. Системот на социјална заштита по мерка на граѓанинот мора да постане реалност во нашата држава.
Во време на континуирано зголемување на основните животни трошоци, намалување на реалната вредност на пензиите и намалена организирана грижа од страна на институциите, општините треба, по урнек на повеќе европски земји, да преземат чекори за олеснување на секојдневното функционирање на нашите повозрасни сограѓани.
Достоинството и интегритетот на сите граѓани во државата, не смее да биде привилегија, туку право кое го имаат и сите пензионери кое се пренесува и на локално рамниште.
Затоа доследно ќе продолжиме да работиме на подобрување на квалитетот на живот на пензионерите и старите лица и да се грижиме за нивната достоинствена старост. Здравото и активно стареење е една од нашите примарни заложби.
Овие наши темелни заложби ќе ги реализираме со следните активности и идеи, во работата на локално рамниште, а со цел да се подобрат условите за живот на постарите лица во сите локални заедници:

- Субвенции за станбени трошоци: Обезбедување финансиски помош за пензионери кои се соочуваат со високи трошоци за домување, преку субвенции или грантови, на локално рамниште.

- Поттикнување на регулирање и издавање на дозволи за градба на општинско рамниште за изградба на станови кои се прилагодливи на потребите на старите лица, со специјални карактеристики како што се лифтови, рампи и поголеми врати и други технички карактеристики.
- Создавање и реализирање на програми за поддршка при домување, каде што социјални работници можат и мораат да понудат помош во одржувањето на домовите на постарите лица.
- Воведување повеќе форми на заштита и услуги за старите лица, согласно потребите, и обезбедување сервиси за поддршка во домашни услови.
- Организирање на услуги на локално рамниште, како што се превоз до продавници, лекари и други места кои се битни за пензионерите и возрасните граѓани, а со цел за да се олесне пристапот до неопходните ресурси и услуги.
- Интегрирање на здравствени програми на локално рамниште, во соработка со Министерството за здравство, а кои ќе се фокусираат на превентивната медицинска грижа и редовните прегледи за стари лица.
- Создавање на локални комунални групи за поддршка на пензионери кои можат да разменуваат информации и ресурси, со цел да се зголеми заедницата и помошта помеѓу нив.
- Соработка и партнерство со невладини организации кои работат на прашања поврзани со старите лица, за да се создадат и имплементираат ефективни решенија наво сите општини.
- Продолжување и подобрување на регулирањето на социјалниот аспект на пензиите преку доделување на помош на корисниците на ниски пензии и ранливите категории на граѓани на општинско рамниште;
- Дефинирање на Социјалниот статус на пензионерите преку формирање на општинска Социјална карта (семејна и индивидуална) посебно за лицата кои имаат потреба од социјална поддршка од општината, а со цел за праведно расподелување на социјалната помош и елиминирање на злоупотребата на истата;

- Ќе бараме обезбедување грижа од локалните заедници кон пензионерите и возрасните лица преку воспоставување локални услуги за грижа и нега;
- Доследно ќе се залагаме за заштита од сите облици на дискриминација, неприфаќање и маргинализација на пензионерите на локално рамниште;
- Ќе се бориме за системско решавање на локално рамниште на социјалното згрижување на сиромашните и немоќните пензионери, како и социјална солидарност во општините;
- Ќе го поддржиме градењето на нови пензионерски и геронтолошки домови, во државна сопственост, како и дневни центри за нега на стари и изнемоштени пензионери со користење на буџетски средства, но исто така ќе поттикнеме и ангажман на локалните самоуправи со остварување на проекти за приватно-јавно партнерство за истата намена;
- Ќе се залагаме за субвенционирање на сместувањето во државни домови за стари лица на пензионери со најниски пензии, изнемоштени и пензионери кои живеат сами;
- Ќе инсистираме за развивање на локалните услуги за поддршка на грижата во заедницата кон возрасните, и обезбедување услови за соодветна нега на немоќните и болните на локално рамниште;
- Ќе инсистираме на дуплирање на капацитетите во пензионерските домови и домовите за стари лица и воспоставување на нови центри за активно и здраво стареење, со програми кои ќе се грижат за менталното и физичкото здравје, социјализацијата и меѓуврсничката комуникација на старите лица;
- Обезбедување на услови за активно стареење, достоинствена старост а со кои се подобрува социјалната и економската положба на пензионерите;
- Ќе се залагаме за активно вклучување на пензионерите во локалните заедници и нивно работно ангажирање а во согласност со пазарот на трудот и позитивните законски одредби на сите можни работни места на локално рамниште;

## 2. БЕЗБЕДНОСТ И ТРАНСПОРТ

Во 21 век, безбедноста и транспортот за пензионерите и повозрасните граѓани се едни од клучните аспекти на нивниот секојдневен живот а кои мора да бидат вклучени во програмите за работа на секоја локална власт. Наша грижа ќе биде нивното соодветно планирање, буџетирање и реализирање преку следните можни активности;

- Обезбедување на посебни услуги за јавен превоз кои се прилагодени на потребите на постарите лица, вклучувајќи возила со рампи и специјален влез, за локални потреби а покрај организираниот јавен превоз за големите градови.
- Создавање на редовни линии на јавен превоз во времиња кога постарите лица најчесто ги посетуваат медицинските установи, продавниците и социјалните настани.
- Засилени безбедносни мерки со инсталирање на посебни сообраќајни знаци (лежечки полицајци, светлосни сигнализација) во близина на места каде што постарите лица често поминуваат, за зголемување на нивната безбедност, како и создавање на безбедни и добро осветлени пешачки патеки, како и подобрување на условите на постоечките патеки.
- Понуда на програми за обука на возачи за работа со стари лица, со цел да се зголеми свеста за нивните специфични потреби и предизвици.
- Финансиска поддршка за приватен превоз преку обезбедување на финансиски субвенции или попусти за такси услуги за постарите лица кои можат да се потпрат на приватен превоз.
- Брза служба за итни повици со специјална телефонска линија на пензионери, која може да им помогне да добијат помош или информации при нуждата.
- Отварање или изградба на центри за физикална терапија, на општинско рамниште, по принципот за јавно-приватно партнерство, а во согласност со големата потреба на истите во целата земја.

- Обновување на инфраструктурата за пристап до објекти, како малопродажни ланци и здравствени установи, со напредни инсталации и соодветна инфраструктура.
- Програми за соработка со локалните организации преку иницирање на соработка со невладини организации за развој на програми за превоз и безбедност, кои ќе адресираат специфични потреби на постарите лица.

## 3. АКТИВНО УЧЕЊЕ И ВКЛУЧЕНОСТ

Во доба кога бројката на пензионери и постари лица рапидно расте на глобално рамниште, е показател дека и нашата земја не е надвор од овој светски тренд.
Со самото тоа, активното учење и вклученоста на пензионерите и повозрасните лица во програмите за работа на локалните власти, може и мора да биде имплементирано од повеќе аспекти кои секако се и многу корисно за заедницата.
Покрај инклузивноста како едно од основните демократски права, така и социјалниот живот и здравјето на пензионерите и повозрасните граѓани ќе биде во полза и на локалните власти.
Со истакнување на активното учење и вклученоста на постарите лица, може да се зголеми нивниот инклузивен глас во локалната политика, што ќе доведе до формулирање на поефикасни и соодветни програми за сите.

Партијата на пензионери за поттикнување на нивната активна улога на пензионерите ќе се залага преку следните активности:

- Организирање на образовни работилници на теми како што се граѓанските права, процесот на гласање и важноста на учествувањето во локалната политика. Овие работилници можат да помогнат да се зголеми свеста и разбирањето на постарите лица.
- Создавање на фокус-групи со пензионери за да се дискутираат нивните потреби и предлози за локалната политика. Овие искази можат да бидат од голема вредност за формулирање на програми и услуги кои ќе ги задоволат нивните интереси.
- Совети и работни групи за политики од постари лица: Вклучување на пензионери и повозрасни лица во одлучувачки тела или комисии на локалната самоуправа, каде што можат да споделат свои искуства и предлози. Вклучување на постарите граѓани во работни групи кои ќе развиваат и предлагаат нови политики и програми. Овие групи можат да работат на конкретни предлози кои одговараат на потребите на заедницат;

- Програми за менторство: Составување на програми кои ќе ги поврзат постарите лица со помладите генерации во местото за размена на знаења и искуства, како и за учество во изборните процеси.
- Информациски кампањи: Создавање на информативни материјали и кампањи кои ќе ги охрабрат постарите лица да учествуваат во локалните избори, нагласувајќи ја важноста на нивниот глас.
- Виртуелни платформи: Овозможување на онлајн платформи за пензионерите да учествуваат во дебати, анкети и дискусии, особено за оние кои можеби не можат да присуствуваат на физички настани.
- Локални настани: Организирање на настани и собири во заедницата каде постарите лица можат да учествуваат во разговори за важни локални прашања, да се запознаат со кандидатите и да ги изразат своите ставови.
- Образовни програми: Промовирање на курсеви за компјутерска писменост, јазици или други интересни теми, со цел да се поттикне целоживотно учење.
- Волонтерски програми: Овозможување на можности за пензионерите да се вклучат во волонтерски активности во заедницата. Промовирање на волонтерски програми кои ги вклучуваат пензионерите во организацијата на настани и активности поврзани со локалната политика, со што ќе зајакне нивната свест и ангажман во локалната самоуправа.
- Интеркултурни настани: Овозможување на настани кои поттикнуваат дијалог помеѓу различни генерации и култури, каде што постарите лица можат да пренесат своето знаење и искуство на помладите.

## 4. КУЛТУРА И СЛОБОДНО ВРЕМЕ

Вклучувањето на културата и слободното време на пензионерите и повозрасните граѓани во програмата за работа на локалната самоуправа е од големо значење за подобрување на нивниот квалитет на живот.
Затоа ние ќе се залагаме за следните активности:

- Културни настани: Организирање на редовни културни настани, како што се концерти, театарски претстави, изложби на уметност и литературни вечери, специјално насочени кон постарите лица. Овие настани можат да се одржуваат во локалните центри за пензионери или во јавни простори.
- Курсеви и работилници: Понуда на курсеви и работилници на теми како што се уметност, занаети, музика, фотографија или готвење, кои ќе им овозможат на постарите лица да изразат својата креативност и да учат нови вештини.
- Физички активности: Развој на програми за физичка активност, како што се јога, танци, или редовни групни прошетки, кои промовираат здрав начин на живот и социјализација.
- Екскурзии и патувања: Организирање на екскурзии за историски и културни места, музеји или природа, за да им се овозможи на постарите лица да ја прошират својата перспектива и да ја искусат културата.
- Читални и клубови за книги: Создавање на читални или клубови за книги во кои постарите лица можат да учествуваат во дискусии, да разменуваат идеи и да уживаат во литературата.
- Проекти за меѓугенерациска соработка: Поддршка на проекти кои ќе ги вклучат постарите лица и младите во заеднички активности, како што се работилници или културни настани, со цел размена на знаење и искуство.
- Достапност на ресурси: Обезбедување на лесен пристап до информации за културни настани и активности во заедницата, преку брошури, веб-страници или апликации,

со цел зголемување на свеста за можности за слободно време.

- Субвенции или попусти за културни настани, курсеви и активности специјално за постарите лица, како начин да им се олесни учеството.